Врз основа на член 22 став 1 алинеа 1 и став 3 и член 17 став 8 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.173/22), а во врска со член 40 став 3 и член 18 став 10 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29.03.2024 година ја донесе следната

**ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА**

**за именување и разрешување на членови за Собрание**

Член 1

СЕ КОНСТАТИРА прекин на мандатот на избраниот претставник во Собранието Александар Ивановски од подружница Скопје пред неговото истекување.

Избраниот претставник во Собранието Александар Ивановски од подружница Скопје СЕ РАЗРЕШУВА поради негово барање и поднесена оставка до Собранието.

Прекинатиот мандат на избраниот претставник во Собранието Александар Ивановски од подружница Скопје го продолжува следниот избран член на подружница Скопје кој освои најголем број на гласови согласно листата од спроведените електронски избори од 11.04.2023 година.

За член на Собрание- претставник од подружница Скопје СЕ ИМЕНУВА Славко Танковски со мандат до истекот на постојниот мандат на претставникот во Собранието Александар Ивановски.

Член 2

СЕ КОНСТАТИРА прекин на мандатот на избраниот претставник во Собранието Тања Ќимова од подружница Велес пред неговото истекување.

Избраниот претставник во Собранието Тања Ќимова од подружница Велес СЕ РАЗРЕШУВА поради нејзино барање и поднесена оставка до Собранието.

Прекинатиот мандат на избраниот претставник во Собранието Тања Ќимова од подружница Велес го продолжува следниот избран член на подружница Велес кој освои најголем број на гласови согласно листата од спроведените електронски избори од 11.04.2023 година.

За член на Собрание- претставник од подружница Велес СЕ ИМЕНУВА Марија Илова со мандат до истекот на постојниот мандат на претставникот во Собранието Тања Ќимова.

Член 3

Оваа одлука се објавува на веб страницата на Институтот во рок од 48 часа од нејзиното усвојување.

Член 4

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиниот упис при Централниот регистар на РСМ.

Арх.бр. 0202-102
29.03.2024 година

**Претседател на**
**Управен одбор на ИСОС**
**Весна Прентоска**

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИСОС
СКОПЈЕ